| **Недела 4: Датум:**<br><br>**број на час : 8** | | | **ПРВО ПОЛУГОДИЕ Тема 1: 8.1 Сили и движење**<br>Единица: **Различни единици за брзина** | | | **Одделение:**<br>**VIII** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности**<br>**Опис** | **Ц/Г/И** | **Ресурси** | **Доказ за постигнатото** |
| 10 | Пресметува средна брзина и средно забрзување | Знам да пресметувам средна брзина и средно забрзување | **Опис на активноста**<br>Покажете слика од брзинска камера. Во парови, учениците нека дискутираат за тоа како работи оваа камера, според нив. Зошто на патот има одбележано линии кои се на 1 m оддалеченост? Што мислите, колку фотографии од автомобил во минување може да направи оваа камера?<br><br>Покажете фотографија која ја прави брзинската камера, со која се пресметува средна брзина. Во парови, учениците нека продискутираат за тоа како мислат дека функционира. Што мислите, колку фотографии прави камерата од автомобил во движење? Како се пресметува средната брзина?<br>Прашајте ги учениците за единиците кои се користат за мерење на брзина. Извлечете ја идејата дека постојат различни единици за брзина: | Г=2<br>Бура на идеи<br><br>Ц | Потребни слики<br><br>Дополнителни податоци за учениците.<br>Забелешка: учениците може да побараат повеќе примери користејќи електронски или испечатени нагледни средства. | набљудување<br>прашања<br>дискусија<br><br>Прашања<br>одговори |
| 15 | Прави едноставни пресметува ња. | Можам да правам едноставни пресметувања | Брзина на автомобилите која се мери во километри на час<br>Брзина на вселенски брод која се мери во километри на секунда<br>Брзина на полжавите се мери во сантиметри во минута<br>Дајте им на учениците податоци кои може да ги искористат за пресметување на брзина во различни единици мерки. На пример:<br>Сонцето е оддалечено од Земјата околу 149,6 милиони km, на сончевата светлината и требаат околу 8 минути и 20 секунди да стигне до | И | | Серија пресметувања внесени во табела со мерни единици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10<br><br>5 | Толкува податоци од секундарни извори. | Можам да толкувам податоци од секундарни извори. | Земјата.<br>Едно зрно грав било засадено во земјата 31 ден, па потоа извадено. Главниот корен бил со должина од 61 cm.<br>Во Хаваи еден вулкан еруптирал во 1950 год. Лавата се разлеала низ 4 km густа шума за 24 минути.<br>Еден албатрос поминал 6.000 km за 12 дена.<br>Дополнителна активност: учениците кои сакаат поголем предизвик може да прават пресметки преку кои ќе претвораат една единица во друга единица за брзина, пр.:<br>km/h во km/min<br>m/s во km/s<br>cm/s во m/s.<br>Заклуч**ете** дека се користат различни единици мерки за брзина, зависно од растојанието и времето. | И | | -проверено од соучениците |

| **Организирање** улога на возрасни (поврзани со активности)**:** Детали за диференцијација / групи / | **Белешки / можности за проширување на знаењето / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Во првиот дел учениците работат во парови, дискутираат за пресметување на средна брзина.<br>Во главниот дел активно работи цела паралелка околу набројување и примери за брзини со различни мерни единици.<br>Дополнителните активности и пресметување брзини со различни мерни единици ги извршуваат индивидуално со помош од наставникот кај учениците кои имаат потешкотии во решавањето. | Работен лист за проширувањена знаењата.<br>Домашна работа: Да состават самите ученици 5 задачи и да ги пресметаат, во кои ќе бидат опфатени различни мерни единици за брзина. | брзинска камера<br>метри<br>метри во секунда<br>средна<br>просечна<br>сантиметри<br>километри<br>часови<br>претвора<br>внесува |